Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на активностите предвидени во оперативните планови за 2022 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност "(2020 – 2025) – стратегиска рамка

**Април, 2023 година**

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕДЕН ДЕЛ ........ 4

II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА........ 6

**II.1. Стратегиска цел 1 Лидерство - Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и мажите.**........ 6

Министерство за одбрана........ 6

Министерство за внатрешни работи........ 9

Министерство за надворешни работи........ 10

Министерство за труд и социјална политика ........ 10

Министерство за финансии........ 10

Дирекција за заштита и спасување........ 11

**II.2. Стратегиска цел 2 Вклученост - Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности за жените и за мажите**........ 11

Министерство за одбрана........ 11

Министерство за надворешни работи........ 13

Министерство за труд и социјална политика ........ 13

Дирекција за заштита и спасување ........ 14

**II.3. Стратегиска цел 3 Олеснување - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.**........ 14

Министерство за одбрана........ 14

Министерство за внатрешни работи........ 15

Министерство за надворешни работи........ 16

Министерство за труд и социјална политика ........ 16

Министерство за финансии ........ 17

Центар за управување со кризи ........ 18

**II.4. Стратегиска цел 4 Заштита - Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите**......18
Министерство за одбрана......18
Министерство за внатрешни работи......20
Министерство за труд и социјална политика......25
Министерство за правда......26

**II.5. Стратегиска цел 5 Комуникација, образование и обука - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата „Жени, мир и безбедност “**......27
Министерство за одбрана......27
Финансиски импликации на МО и Армијата за реализација на активностите проектирани во оперативниот план за 2022 година......32
Министерство за внатрешни работи......32
Министерство за надворешни работи......34
Министерство за труд и социјална политика......35
Министерство за образование и наука......36
Министерство за правда......36
Здружение на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)......37

III. ЗАКЛУЧОК......38

IV. ПРЕДИЗВИЦИ......38

V. ПРЕПОРАКИ......39

ПРИЛОЗИ:
Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на жени и мажи по институции......40

Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на жени и мажи на раководни позиции по институции......41

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на активностите предвидени во оперативните планови за 2022 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност "(2020 – 2025) – стратегиска рамка**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Исклучителна вредност во модерните демократии е вклученост на жените во сите сегменти на општеството, вклучувајќи го безбедносниот сектор и соодветни позиции со посебен акцент на лидерските, менаџерски и позицииите за донесување одлуки.

Одговорноста за интеграција на родовата перспектива и родовата еднаквост лежи во сите, промена на размислувањата и промена на традиционалните норми кои ги маргинализираат жените е колективна одговорност. За една жена да биде успешна најважно е да има позитивни примери, да биде одлучна и инспирирана. Затоа ни требаат жени кои ќе бидат пример и ќе ги охрабруваат жените и девојките во нашата земја и во светот.

Горе споменатото произлегува од значењето на Резолуцијата на ОН 1325 - „Жени, мир и безбедност", која што е база за проширување на насоките за човековите права, особено човековите права на жените на меѓународно ниво и ги повикува државите и меѓународните институции да преземат чекори за нејзина имплементација. Улогата на жените во сите сфери на македонското општеството е значајна и важна. Нивната активна улога во креирањето и реализирањето на мировната и безбедносната политика на Република Северна Македонија, е еден од важните аспекти на учеството на жените, кој ќе придонесе за донесување и реализација на родово одговорни политики и подобрување на родовата нееднаквост во областа на мирот и безбедноста.

Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325- „Жени, мир и безбедност", преку вториот Национален акциски план (2020-2025)- стратегиска рамка, акцентира два клучни аспекти за постигнување на

резултати во доменот на воспоставување на родова еднаквост и имплементација на родовата перспектива и тоа:

-законската регулатива, нормите и политиките за родова еднаквост и родова перспектива кои се донесуваат и имплементираат и

-креирање на работна средина на еднакви можности во која што жените рамноправно ќе учествуваат во исполнувањето на своите должности и одговорности.

Работната група за координација, мониторинг и евалуација за имплеменатција на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 „Жени, мир и безбедност" (2020-2025)-стратегиска рамка (РГ за КМиЕ) која што е задолжена да спроведува координација со институциите на национално и локално ниво со цел верификација, хармонизација и поддршка, како и да врши мониторинг и евалуација, сублимирање на извештаи од задолжените институции го изработи вториот Годишен извештај за степенот на реализација на оперативните планови во 2022 година за имплементација на Вториот НАП.

РГ на КМиЕ во јуни 2022 година одржа состанок со претставници од задолжените институции на национално ниво, за подобрување на меѓу инстутиционалната комуникација, изработка на годишни оперативни планови за 2022 година за имплементација на вториот НАП, утврдување на динамиката за нивна реализација во наредниот период, предизвиците при спроведување на активностите од предметната област, одржување на контакт и достапност помеѓу членовите на РГ за КМиЕ и одредените лица-претставници од задолжените институцаии, како и координација и поддршка за активностите.

Воедно, изработен е шестмесечен извештај за 2022 година за постигнатите резултатите за имплементацијата на вториот НАП, кој што беше доставен до интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија (ИРКСГ ЕМЖМ), за брифирање по однос на истиот.

## II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Вториот Национален акциски план за Резолуцијата на ОН 1325 -„Жени, мир и безбедност", се имплементира согласно активностите проектирани во оперативните планови за 2022 година од страна на задолжените институции а во насока на исполнување на 5-те стратегиски цели дефинирани во вториот НАП:

1. Лидерство,
2. Вклученост,
3. Олеснување,
4. Заштита, и
5. Координација, образование и обука,

### II.1. <u>Стратегиска цел 1 Лидерство-</u>**Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите.**

Оваа цел ги дефинира условите за отстранување на стигмата за улогата на жената во општеството и промовира инклузивно работно опкружување во кое лидерите се оценуваат според талентот, а не според родот. Исто така, во општеството успешните лидери претставуваат позитивен пример за следните генерации. Сепак, титулата пример за лидерство, мора да се заслужи преку талент, мотивација, амбиција, интелект и личен интегритет.
Токму затоа Резолуцијата на ОН 1325 -„Жени, мир и безбедност" ги повикува земјите-членки на ОН да обезбедат поголемо присуство на жените на сите нивоа на одлучување во националните, регионалните и меѓународните институции и механизми за спречување, водење и решавање на конфликти.

**Министерство за одбрана-МО**

Жените придонесуваат кон лидерството со различни и значајни вештини. Министерството за одбрана е дел од општеството во кое може ефективно и во целост да го искористи лидерскиот потенцијал и капацитетите со вклучување на жените, а посебно можноста за заземање на лидерските позиции во институцијата.Не заборавен е фактот дека жените-лидери и нивните

специфични вештини низ историјата биле помалку ценети и прифатени од оние на мажите, но тие практики полека но сигурно се губат.
Како доказ за наведното е фактот дека во Министерството за одбрана и Армијата на Рпеублика Северна Македонија се повеќе застапени се жените на лидерските позиции, а највисоката позиција ја има Министерката за одбрана-Славјанка Петровска, која што со свој личен пример покажува и придонесува на жените да се гледа од аспект на квалитет, како жени лидери и жени донесувачи на одлуки, а не само како бројка или процент.
Во текот на 2022 година беа реализрани активности коишто беа во насока на исполнување на првата стратегиска цел во Министерството за одбрана и Армијата.
Во делот на специфична стратешка цел 1.1–Зголемување на бројот на жените на лидерски позиции, надминати стереотипи и предрасуди, како и имплементација на родовиот принцип во системот за развој на кариерата на лидерите, контекстуално може да се потврди со обраќањата на Министерката за одбрана на следните настани на високо ниво:

-Конференција за „Жени, мир и безбедност“ во Приштина,
-Интернационален биатлон форум за „Уривање на стереотипите во спортот, професијата и еднаквоста меѓу половите”, организиран од Биатлон Федерацијата на Северна Македонија, а под покровителство на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
-Интернационална конференција за „Жените во надворешната политика”, на вториот панел насловен „Улогата на жените за време на криза”, во организација на Министерството за надворешни работи, а Координаторката на РГ за КМиЕ беше модераторка на истиот панел.

-Во септември 2022 година, Министерката за одбрана Славјанка Петровска и главниот програмски менаџер на ДЦАФ - Женевскиот Центар за управување со безбедносниот сектор, Марк Ремилар потпишаа Договор за соработка со ДЦАФ, со кој се воспостави соработка со цел спроведување на процесот на родова само – проценка во Министерството за одбрана и Армијата.

-Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во март 2022 година оствари две значајни средби со:

- резидентната координаторка на ОН во Република Северена Македонија, Росана Дуџак, и раководителката на канцеларијата на UN Women во

Република Северна Македонија, Весна Ивановиќ-Кастаред на која се дискутираше за заеднички напори за зајакнување на свеста за родовите стеротипи, кампањи и градење на капацитетите за родово-одговорен безбедносен систем, како и воведување на родовата перспектива при дизјанирањето на наставната програма на Воената академија, и

- раководителката на UNDP/SEESAC, Бојана Балон, во насока на продлабочување на досегашната соработка и истакнување на постигнатите резултати во областа на родовата еднаквост во МО и Армијата, април 2022 година, Скопје.

-Во организација и поддршка на UNDP/SEESAC беше спроведена Gender Coach programe – Програма за менторство за родова рамноправност со висок претставник од Министерството за одбрана, во периодот јули – ноември 2022 година;

Во специфична стратешка цел 1.2 – Зголемување на бројот на жените лидери во мировни мисии, регионални и меѓународни организации и одбранбено дипломатските претставништва, беа реализрани следните позначајни активности:

Министерството за одбрана во последните две децении континуирано упатува персонал во меѓународни мисии и други меѓународни организации во странство, а при планирање на мисиите и при донесување на одлуки ја зема предвид и родовата застапеност.

-Покрај две жени од Министерството за одбрана кои работат во Командата на НАТО во Брисел, во 2022 година уште една жена е упатена на работа ва постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија.
-Процентот на жени-воен персонал од Армијата кои се упатени во меѓународни мировни мисии надвор од Република Северна Македонија во 2022 година изнесува 2,78%, а меѓу нив за прв пат е упатена жена офицер на должност Командир на вод.
-Координаторката на РГ за КМиЕ и воедно Координаторка за FLSD од МО на Република Северна Македонија, учествуваше на Конференција “FLSD - FEMALE LEADERS IN SECURITY AND DEFENCE” во рамки на проект FLSD и Иницијативата SEDM-Soutrh East Defence Ministrial во ноември 2022г. во

Букурешт, Романија. Целта на конференцијата беше да се унапреди процесот на имплементација на родовата перспектива и развој на капацитетите преку размена на научени лекции, добри практики, размена на информации и идеи од заеднички интерес.

Во специфичната стратешка цел 1.3 - Зајакнување на капацитети на жени за лидерски позиции, го истакнуваме следното:

Министерството за одбрана ја препознава клучната улога за зајакнување на моќта на жените во општеството и се води од овој пристап во исполнувањето на нашата меѓународна обврска кон Резолуцијата на ОН 1325 и Агендата за „Жени, мир и безбедност".
Во текот на 2022 година од жени – воен персонал беа упатени и успешно ги завршија следните високи воени школи кои што се предуслов за кариерен развој, односно поставување на одлучувачки позиции во МО и Армијата:

-Школа за национална одбрана во странство, втора жена полковник,
-Командно штабна академија во странство, втора жена која што има завршено во странство, а од вкупно 7 жени со командно штабна академија во Армијата.
-Бројот на жени со чин полковник се зголеми за 75%.
-Жени - администартивни службеници поставени на раководни позиции во Министерството за одбрана (категорија Б) се застапени со 48%
-Вкупна застапеност на жените во Армијата е 10,60 %, што е највисок процент до сега, а по категории состојбата е следна:

- жени офицери 18,08%,
- жени подофицери 11,67 %,
- жени професионални војници 5,86 % и
- жени цивилни лица 30,15 %.

Во споредба со 2021 година процентот на жени во Армијата во 2022 година се зголеми од 10,15% на 10,60%, и при тоа најголемо зголемување има во категоријата на офицерските чинови, од 16,54% на 18,08%.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

Во рамки на специфичната стратешка цел 1.1: Еднакви можности за лидерство за жените и мажите на сите нивоа во Министерството за внатрешни работи и Бирото за јавна безбедност-БЈБ, особено во процесот на донесување на одлуки на стратешко, оперативно и тактичко ниво.

Во насока на исполнување на наведената специфична стратешка цел, во извештајниот период во соработка и организација на UNDOC-Unated Nation Office on drugs and crime, спроведена е Регионална обука за родова застапеност за граничната и правните агенции.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Текстот на предлог Законот за надворешни работи, кој се наоѓа во владина процедура предвидува зголемување на бројот на жени на високи раководни позиции во Министерството и на високи дипломатски позиции во ДКП - та.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година е усвоена на 28.07.2022 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија и истата е објавена во Службен Весник на РСМ бр. 170/2022. Стратегијата, како широка стратешка рамка, ги обединува сите области на делување за постигнување на родова еднаквост преку интегрирање на родовата перспектива во политиките и стратегиите, сузбивање на стереотипите и насилството кон жените, како и унапредување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Со донесување на оваа Стратегија, Република Северна Македонија се стреми кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во 13 приоритетни области.
Со донесување на Стратегијата, почна и изработка на Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 година со експертска поддршка во рамки на проектот со UN Women и поширока работна група составена од државните институции. Процесот на изработка на НАП е долг поради новата методологија и потребата од прикажување на финасиски средства.

**Министерство за финансии-МФ**

Во контекст на соодносот на родова застапеност на раководни позиции во Министерството за финансии, нотирана е предност во однос на процентуалната застапеност на жени, во 2022 година, односно истата се движи помеѓу 66% и 70% во однос на застапеноста на мажи на раководни позиции, со разлика од 3% повеќе од 2021 година. Оттука, согласно последните податоци и анализа на родовата застепност на жени во Министерството за финансии, може да се

констатира дека процентуалната застапеност на жени како на раководни позиции, така и на останатите работни позиции е во позитивна рамка и истата е во варијација од 67% до 70%, во однос на процентуалната застапеност на мажи.

**Дирекција за заштита и спасување -ДЗС**

Во насоки на вклучување на жените на лидерски позиции, во 2022 година во ДЗС формиран е тим кој што посветено ќе работи во реализација на обуки и презвемање на иницијативи за зголемувањето на присуството на жените на лидерски позиции. Во оваа насока има подобрување во смисла на тековни назначувања на Секторски и одделенски раководители.
Во изминатата година, од страна на тимот за работа на вториот Акциски план, беше спроведена анонимна анкета. Анкетата беше составена од прашања којшто ги засегаат жените во институцијата, стереотипи и можни негативни родови влијанија.
Анкетата беше спроведена во два дела во Дирекцијата, првиот дел од анкетата беше спроведен со жените, а вториот дел анкетата беше спроведен со мажите во институцијата.
Целокупната анкета резултираше со појасна слика за општото мислење во врска со состојба на мажите и жените.

II.2. Стратегиска цел 2 Вклученост - **Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности за жените и за мажите.**

**Министерство за одбрана-МО**

Министерството за одбрана овозможува одржлива и ефективна застапеност на жените на сите позиции во институцијата вклучувајќи ја и Армијата, поддржана од соодветни усвоени и имплементирани законски и подзаконски акти, политики, стратегии, процеси, овозможени услови за обука и образование. Со еднаквото вклучување на жените и на механизмите кои ја овозможуваат нивната вклученост се почитуваат и потврдуваат човековите права.

Во делот на специфична стратешка цел 2.1 и 2.2 – Вклучување на жените и мажите во одбранбените процеси и афирмирање на жените во одбраната, реализирани се следните активности за постигнување на дефинираните резултати:

-Во 2022 година беше извршен прием на вкупно 200 професионални војници на служба во Армијата,  од кои 9% се жени, односно девојки.
-Во декември 2022 година, после тромесечен курс, беа промовирани нови 149 подофицери, поранешни професионални војници кои во Армијата ги докажаа ,своите способности професионалност и мотивираност, од кои 8% се жени, односно девојки..
-На повеќе-месечниот курс за офицери по служби за потребите на Армијата на Република Северна Македонија, кој што се организраше на Воената академија, од вкупната бројка кои што успешно го завршија курсот и се стекнаа со офицерски чин поручник, 41% се жени, односно девојки.
-На Воената академија во учебната 2022/2023 година, вкупно од примените кандидати/-ки, односно запишани питомци/-ки 21% се жени, односно девојки.
-Во согласност со стратешките документи како што е Долгорочниот план за развој на одбраната и годишните планови и потреби искажани од Армијата, се спроведуваат активностите за популаризација и прием на воената професија, при што се почитувааат принципите на инклузивност и недискриминација.
Имено, во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се применуваат бројни афирмативни мерки за привлекување персонал во одбранбениот систем, во согласност со План на активности за популаризација на воената професија заради привлекување персонал за служба во Армијата, при што во текот на 2022 година беа опфатени 100 средни училишта во општините на Република Северна Македонија. Активностите за популаризација на воената професија се спроведени од тимови составени од претставници од Министерството и Армијата во кои беше застапен и родовиот принцип, односно во секој тим имаше и жена-припадник на Армијата. Преку видеоприлози се презентирани лични приказни и изјави за работни ангажмани во Армијата и во меѓународните мисии во странство, со цел да се препознае една привлечна професија со нови предизвици.
-На веб-страницата на Министерството за одбрана се наоѓа подпрозорецот „Биди дел од Армијата/ Биди офицер/ Биди војник“, кој што има за цел да ја популаризира воената професија. Подпрозорецот е активен во континуитет и се ажурира со нови информации во врска со актуелните огласи, документи потребни за пријавување, услови и критериуми за селекција. Покрај ова, има брошури за доброволно служење на воен рок, за професионален војник, за прием на офицери, фото-галерија и видеоклипови насочени кон

популаризирање на воената професија. Исто така информирањата за објавените конкурси за примање на нови кадри се дистрибуираат преку социјалните мрежи каде што Министерството за одбрана, Армијата и Воената академија се активно присутни – Facebook и Twitter.
-Во рамки на програмата за одбележување на 18-ти август-Денот на Армијата секоја година се спроведуваат и разни промотивни активности, а исто така во текот на 2022 година се реализраа низа активности по повод 30 години Армија на Република Северна Македонија.
-Во контекст на популаризација на воената професија и дефинирање на конкретни препораки, а во организација на UNDP/SEESAC, во Скопје се одржа состанок за изработка на препораки врз основа на резултати од преходно спроведено регионално истражување во 2021 година за перцепциите кај младите, спроведено од страна на UNDP/SEESAC – „Родовите аспекти при изборот на воената професија меѓу младите на возраст од 14-21 година во земјите од Западен Балкан", а на состанокот присуствуваа претставници/-чки од МО и Армијата, април 2022 година.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Родово балансирана застапеност се очекува да се постигне преку следниве фази предвидени во членовите на новиот предлог-текст на Законот за надворешни работи:
- вработување (чл. 70),
- постапка за избор на раководни дипломати во МНР (чл. 21),
- избор за упатување на работа во ДКП (чл.53) и избор за шеф на ДКП (чл. 42).

Изминатата година во Министерството беше спроведена систематизација со која беше унапредено административното звање на вкупно 10 жени во Министерството.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Предлог „Законот за родова еднаквост " е изработен со експертска поддршка од Мисијата на ОБСЕ и поширока работна група составена од членови од државни институции и граѓански организации од областа. Законот беше поставен на ЕНЕР во Септември 2022 година. Во периодот октомври-ноември 2022 година беа одржани осум регионални јавни расправи (Гостивар, Куманово, Битола,

Штип, Струмица и Скопје) со засегнати страни: координатори и Комисии за еднакви можности и граѓански сектор од различни региони на територијата на Република Северна Македонија.
Во 2022 година, 13 министерства и 2 агенции имаат изработено родово буџетски изјави/извештаи за 2021 година. Во март 2022 година почна да функционира Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање. Во однос на родово одговорно буџетирање и вклучување на родовата перспектива одржани се 18 обуки на кои учествувале 200 административни службеници кои се вклучени во процесот на подготовка на стратешките и буџетските планови, како и административни службеници со релативно кратко искуство во работата. Целта на обуките е унапредување на капацитетите на државните службеници во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.

**Дирекција за заштита и аспасување-ДЗС**

Во извештајниот период во 2022 година се реализирани многубројни активности, вежби и обуки од областа на цивилната заштита, превенција, планирање и развој, при што континуирано се обрнуваше внимание на еднаквата застапеност на жените и мажите во активностите. Учеството на жени во оперативниот дел од работењето на Дирекцијата за заштита и спасување е релативно зголемено, воедно се презвемаат и активности за зголемување на интересот на жените во оперативниот дел на Дирекцијата имајќи го предвид фактот дека оперативнот дел е релативно тешка работа.
Како новина во Дирекција се формираше тим од Координатор, заменик Координатор и еден член којшто се во процес на изработка на рекламен материјал, којшто во идниот период ќе се подели во јавноста, а се однесува на детално објаснување и појаснување за оперативната работа на Дирекцијата. Сето тоа се организира со цел да се привлече внимание за вклучување на жени во оперативната работа на Дирекцијата.

**II.3. <u>Стратегиска цел 3 Олеснување </u>- Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.**

**Министерство за одбрана-МО**

Министерството за одбрана во континуитет работи на процесите за интегрирање на родовата перспектива во законските и подзаконските акти,

стратешки документи, програми и планови, а кои се во насока на исполнување на резултатите на специфична стратешка цел 3.1–Нормативно уредување за олеснување на работните ангажмани на жените во одбраната:

-Од септември 2022 година, Министерството за одбрана ги започна активности за спроведување на родова само-проценка во одбраната (согласно Договорот за соработка со ДЦАФ) за што е формирана работна група од претставници од Министерството и Армијата. Работната група активно ќе работи во текот на 2023 година согласно Динамичниот план на активности од што како краен продукт ќе биде изработка на Родов акциски план за поддршка на родовата компонента во МО и Армијата.
-Министерството за одбрана е една од институциите во која, Државниот завод за ревизија спроведе ревизија на успешност „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи “.

Специфична стратешка цел 3.2 – Прилагодување и зголемување на инфраструктурните и материјалните капацитети согласно специфичните потреби на жените и мажите.

-Подобрени се работните услови, однодно сместувачки капацитети на Воената академија. Во 2022 година е пуштен во употреба реновиран објект на Воената академија, касарна Гоце Делчев-Скопје, при што се земени предвид потребите на девојчињата и момчињата/питомките и питомците.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

Специфична стратешка цел 3.1: Запознавање/разбирање на различните улоги и потреби на жените и мажите во општеството:

-Во Стратешкиот план на МВР 2022-2024 година се предвидени стратешки приоритети кои се однесуваат на родовата еднаквост:
1. Унапредување на законодавството во развојот на родовата еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство вклучувајќи го и семејното насилство;
2. Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите.

3. Имплементација на родовата еднаквост и обезбедување на еднаков третман и можности.
- Во извештајниот период претставници од МВР учествуваа на „Балкански сипозиум за еднаквост и права за ангажирање на жените“ во организација на ИЦИТАП- Одделот за правда на САД во Република Северна Македонија.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Согласно статутот на државни службеници на вработените во Министерството за надворешни работи, со Кодексот за државни службеници (член 9-недискриминација) дополнително со општа формулација којашто предвидува недискриминација „по било кој основ“, се регулира превенцијата и спречувањето на секаков обид за непочитување и дискриминација по родова основа.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Во 2022 година започна процесот на првата евалуација за спроведувањето на Истанбулската Конвенција од страна на ГРЕВИО (Група на експерти за мониторинг и следење на имплементација на Истанбулската Конвенција во рамките на Советот на Европа).
Изработен и доставен до ГРЕВИО е првиот Извештај за имплементација на Истанбулската конвенција во месец Април 2022 година. По доставувањето на Извештајот следуваше експертска мисија од ГРЕВИО во Република Северна Македонија, во рамки на која беа организирани состаноци со сите релевантни институции и граѓански организации. После разгледувањето на Извештајот и разгледување на поединечните интервјуа со институциите, на почеток на 2023 година се очекува конечен Извештај за имплементирање на Истанбулската конвенција со забелешки и препораки, на која препорака МТСП односно Република Северна Македонија има право на жалба.
Во насока на имплементација на „Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство“ се подготвија: Драфт Програмата за реинтеграција на жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; како и Драфт Протокол за меѓусебна соработка (член 12).
Понатаму, во процес на подготовка се подзаконските акти за:
-Правилник за формата, содржината и начинот на интегрирано прибирање на статистички и административни податоци за состојбата со родово базирано

насилство врз жените и семејното насилство, врз основа на пол, род, возраст, припадност на заедница, живеалиште и други податоци (член 28 став 6).
-Правилник за начинот на издавање согласност на Програма за почетна и континуирана едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство што ги спроведуваат субјектите од членовите 18, 19, и 20 од овој закон. (член 17 став 2).
-Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство. (член 17 став 3).
-Правилник за форма и содржина на анализа и статистичка обработка на податоци од систем за социјални права и услуги за состојбата со родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство (член 28 став 4).
-Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во судовите за бројот на случаи на родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство (член 29).
-Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во јавните обвинителства за бројот на случаи на родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство (член 30). Овие подзаконски документи се изработуваат со експертска поддршка на УНФПА-Фонд за активностите на населението на Обединетите нации.

**Министерство за финансии-МФ**

Во рамки на известувачкиот период јануари-декември 2022 година, од посебна важност е усвојувањето на Законот за буџети, (објавен со „Службен весник на РСМ“ бр.203/2022 од 19.09.2022 година). Во одредбите од истиот дефинирани се родовото буџетирање, родово одговорниот буџетски извештај и родовите индикатори, како и обврската на буџетските корисници да ги вклучат во буџетскиот циркулар родово одговорните индикатори како алатка за следење и мерење на напредокот кон постигнување родово одговорни цели, обврската на буџетските корисници при предлагање на нови прописи или акти насочени кон унапредување на родовата еднаквост да доставаат пополнета родова буџетска

изјава, вклучување на збирен преглед на родовите буџетски извештаи во предлог-буџетот на државата и обврската на Министерството за финансии со завршната сметка да достави извештај за родово одговорни индикатори и постигнати цели и резултати, преку што директно се зајакнува принципот на родова еднаквост.

**Центар за управување со кризи-ЦУК**

Во текот на 2022 година Центарот за управување со кризи имаше можност да ја реализира Специфичната стратешка цел 3.1.-прилагодување и зголемување на инфраструктурните капацитети, при што се донесени и реализирани планови за инфраструктурни прилагодувања за потребите на жените и мажите и обезбедени се постојани финансиски средства за родово унапредување, односно раелизирани се поголем дел на градежни активности – реконструкција на постоечките објекти.

**II.4. Стратегиска цел 4 Заштита - Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.**

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на специфичната стратешка цел 4.1 и 4.2 – Унапредување на системот на поддршка и заштита на жените, кои претрпеле каков било облик на загрозување на безбедноста во конфликтни и постконфликтни состојби, кризни и вонредни ситуации, Министерството за одбрана презема чекори во насока на превенција во наведената цел, и тоа:

-Континуирано функционира веќе воспоставениот систем за заштита од вознемирување во МО и Армијата, со сите достапни информации од оваа област и воспоставените интерни механизми преку Упатство и Водич за заштита од вознемирување на работното место за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.
Водичот содржи јасни пораки за нултата толеранција на вознемирување, и поттикнува пријавување на вознемирување на работното место. Секој од вработените има право на заштита од вознемирување на работното место.
Во исто време, јасно и недвосмислено се охрабрува секој вработен да побара совет и помош и навремено да информира за неприфатливите форми на однесување кои претставуваат вознемирување. Водичот дава насоки секој

вработен да се однесува правилно, чесно и професионално и на начин на кој се почитува достоинството, интегритетот и угледот на индивидуално и институционално ниво.
На веб страницата на МО и Армијата, функционален е потпрозорец „Стоп вознемирување“[1], каде што вработените можат подетално да се информираат за начинот, мерките и постапките за спречување и заштита од вознемирување на работно место. На овој начин, Министерството за одбрана транспарентно им овозможува на вработените да имаат пристап до сите информации од оваа област (законската рамка за заштита од вознемирување, како и механизмите за поддршка) и да можат да го преземат образецот за пријавување и да поднесат пријава.
Воедно, достапни се податоци за интерни механизми-овластено лице и заменик овластено лице за заштита од вознемирување, како и 36 родови претставници (жени и мажи) од МО и Армијата.
Во насока на зајакнување на вештините и компетенциите, овластеното лице за заштита од вознемирување и заменик на овластеното лице во ноември 2022 година учествуваа на обука за “Правната рамка за заштита од дискриминација и нејзината ефикасност: стандарди на ЕУ и национални модели“.

Во рамки на специфичната стратешка цел 4.3 – Зајакнување на улогата на жените во контролата на малото и лесно вооружување, беше реалирана следната активност:

-Во месец ноември 2022 година, во Скопје се спроведе обука на тема „Зајакнување на улогата на жените во контрола на мало и лесно оружје” во организација на МО, а со поддршка на UNDP/SEESAC.
На обуката учествуваа вкупно 17 учесници/-чки од Министерството на одбраната, Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. Целта на обуката беше да се зајакнат знаењата за превенција и заштита од злоупотреба на мало и лесно оружје низ призмата на родова перспектива и со тоа да се зајакнат компетенциите на персоналот од институциите во безбедносниот сектор.
-Пополнет анкетен прашалник кој што е доставен од НАТО за „SURVEY ON GENDER AND ARMS CONTROL, DISARMAMENT AND NON-PROLIFERATION“.

[1] https://mod.gov.mk/%D1%81%D1%82%D0%BE%D0%BF-%D0%B2%D0%BE%D0%B7%D0%BD%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D1%80%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5/

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

Специфична стратешка цел 4.1: Воспоставување сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово- базирано насилство и на жртвите на семејно насилство:
Хронологија на реализирани активности:
-Во 2019 година од страна на Министер за внатрешни работи со решение бр. 13.1.2-36198/1 од 06.05.2019 година формирана Работна група задолжена за утврдување на предлог објекти во МВР и МТСП во кои има услови за опремување и оспособување на пријатни соби во кои ќе се обавува разговор од страна на стручни лица со жртви на родово базирано насилство и истите ќе бидат пристапни за лица со попреченост.
-Одржани неколку работни состаноци на членовите на работната група за утврдување на методологија на работа и реализација на конкретни работни активности:
-Превземени мерки и активности за добивање на информација за просторните можности во сите ПС од ОН за опремување на простории во кои ќе се обавува разговор од страна на стручни лица со жртви на родово базирано насилство пристапни за лица со попреченост (за разговор со жртви – деца, жртви на семејно насилство, жртви на родово базирано насилство и жртви на трговија со луѓе.). Констаитирано дека во ПС од ОН Тетово, ПС од ОН Гостивар, ПС од ОН Кочани, ПС од ОН Кисела Вода, ПС од ОН Велес и ПС од ОН Битола веќе постојат адаптирани пријатни соби и побарана повратна информација само за пристапот за лица со физичка попреченост. Од направените анализи на членовите на работната група заради соодветна регионална покриеност предложени се неколку полициски станици: ПС Куманово, ПС Охрид, ПС Кичево, ПС Прилеп, и во Скопје ПС Карпош, ПС Гази Баба или Ѓорче Петров од кои е побарано да достават известување дали имаат простории кои би можеле да бидат адаптирани во пријатни соби, со цел да се изнајдат можности за нивна адаптација во пријатни соби.
Од направените анализи утвредно е дека од предложените полициски станици во моментот само во ПС Куманово и во ПС Прилеп има услови да се адаптираат вакви пријатни соби за што во меѓувреме се одвиваат активности за обезбедување на финансиски средства.

-Утврдрна е само (ориентациона) финансиската рамка за опремување на една пријатна просторија за разговор врз база на добиените стандарди од страна на УНИЦЕФ, бидејќи во истата не се предвидени финансиските средства за мебел и останатите ставки кои не се градежен дел.
-Утврдена е скица за изгледот на една пријатна просторија со појаснување дека просториите кои би можеле да бидат адаптирани во полициските станици каде што има такви моментални просторни можности треба да бидат на приземје, со големина од 15-25 м2 и во објектите каде ќе бидат обезбедени вакви пријатни простории треба да има пристапни рампи за лица со физичка попреченост.
-Побарана е информација од МТСП по однос на потребата од опремување на простории за разговор во Центрите за социјални работи и добиено известување од нивна страна дека во процесот на отворање на советувалишта на жртви на семејно насилство кои им се предвидени со Акцискиот план за имплементација на Истамбулската Конвенција од нивна страна ќе се разгледа истовремено и можноста за отварање на пријатни соби и за истото ќе бидат во комуникација и координација со МВР.
-Од страна на членовите на рботната група даден предлог да се изготви и усвои Правилник за стандардите за изгледот на посебните простории за разговор со жртви-деца, жртви на семејно насилство, жртви на родово базирано насилство и жртви на трговија со луѓе.
Напомена: Реализацијата на оваа стратешка цел и предвидените активности ќе се одвиваат во континуитет и во рамките на буџетските можности и утврдени приоритети на МВР.
-Во извештајниот период полициски службеници учествуваа на работни состаноци во Министерство за труд и социјална политика за изготвување на Протокол за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство. На состаноците е разработуван текстот на Протоколот и донесени се зклучоци за подготовка на прва работна верзија како сублимат од работните групи, коментари на работната верзија од страна на ангажираниот експерт и координација на мултисекторскиот стручен тим за усвојување на текстот на Протоколот.

Специфична стратешка цел 4.2: Превенција на родово базирано насилство и семејно насилство:

-Во извештајниот период реализирани се повеќе превентивни активности и тоа:
1. На подрачјето на општина Штип, полициски службеници од ПС од ОН Штип земаа учество на неколку активности кои опфаќаат превенција на целните групи жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство:
-Учество на работилница во организација на општина Штип, Центарот за социјални работи, граѓански и здравствени институции, на која се третирани важни препораки и коментари во врска со истражуваните целни групи: стари изнемоштени лица, постари лица со попреченост и жртви на семејно насилство.
-Учество на работилница во организација на невладината организација Едукативна хуманитарна организација Штип на која се разработена тема насловена како „ Подготовка на програма за економско јакнење, ресоцијализација и реинтеграција на жени кои претрпеле насилство„. На работилницата се дефинирани потребите на корисниците на програмата и утврдени рамките на очекуваните резултати, како и системот на мониторинг, евалуација и учење.
-Учество на работилница во организација на невладината организација Едукативна хуманитарна организација Штип на која се разработени следните теми:
1). Новите правилници за проценка на ризиците и соодветно управување со истите од страна на Центарот за социјални работи и полициските службеници при заштита на жени жртви на родово базирано семејно насилство;
2). Презентација на Акциски план на општина Штип за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство;
3). Координација и управување со координација.
2. На подрачјето на ОВР Свети Николе во соработка со Центарот за социјални работи во Свети Николе организирана е тркалезна маса како превентивна активност за обезбедување на потребната подршка, помош и информации за жртвите на родово базирано насилство на која учествуваа и полициски службеници од ПС од ОН Свети Николе. На активноста од страна на вработените во ЦСР поделени се флаери за доделување на лица –потенцијални жртви кои ќе се одлучат да го пријават насилството и дадени се насоки за заедничко координирање и постапување, како и размена на информации во врска со жртвите и следење и известување за состојбата на жртвите сместени во Шалтер центарот.

-Одржана работна средба во содејство на Организација на жени Свети Николе на тема „Јаки жени ја јакнат заедницата„.
-Одржана едукативна работилница во рамки на проектот „Јаки жени ја јакнат заедницата„ на тема: „Родово базирано насилство и институционално постапување„ во организација на одделението за превенција при ОВР Свети Николе во соработка со организацијата на жени од Свети Николе и Комисијата за еднакви можности при општина Свети Николе. Целта на оваа работилнива е да се истакне дека проблематиката на родово базирано насилство бара посебен пристап кон нејзиното решавање и дека сите институции треба да се вклучат и да делуваат на споделување на причините, но и на последиците од истата.
-Одржана трибина во просториите на Општина Свети Николе на која е дискутирано како институциите се вклучуваат во сузбивање на секаков вид насилство врз жените и како до подобра соработка помеѓу институциите, унапредување на родовата еднаквост и почитување на човековите права.
-Одржана трибина во просториите на Општина Свети Николе на тема родово-базирано семејно насилство на која од страна на полициски службеници за превенција при ОВР Свети Николе се истакнати повеќе примери на родово базирано и семејно насилство, како и превентивната и репресивната улога на полицијата во врска со овој феномен, се со цел заштита на жртвата од секаков вид на насилство, негово спречување и придонесување за еднаквост во општеството.
3. На подрачјето на ПО Македонска Каменица во општина Македонска Каменица од страна на полициски службеници од ПО Македонска Каменица заедно со вработени од СОУ „Миле Јаневски-Цингар„ и ООУ „Св.Кирил и Методиј„ одржана е едукативна работилница на тема: „Родово базирано насилство„ на која се разработени законски одредби од „Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство„ и поделени се флаери со телефонски броеви на соодветните надлежни институции: МВР, Брза помош и Центар за социјални работи.
4. Во извештајниот период спроведена Обука во рамки на Проектот „Воспоставување на мулти-професионална превенција на родово базирано насилство„.
5. Во извештајниот период одржана тркалезна маса на тема: „Заедно до брзо решение за насилството врз жените и семејното насилство„.

6. Во извештајниот период спроведена обука на тема: „Само-грижа, издржливост и благосостојба кај професионалци кои работат со жртви на родово базирано насилство„.
7. Во извештајниот период спроведена обука на тема: „Спречување на малолетнички криминалитет и домашно насилство„.
8. Во извештајниот период спроведена обука на тема: „Основни концепти на Истамбулската конвенција и превенција на родово базирано насилство„. Оваа обука ја имаат поминато вкупно 70 полициски службеници од кои 57 се мажи и 13 се жени.
9. Во извештајниот период спроведени се вкупно 7 обуки на тема „Превенција на родово базирано насилство„ во соработка и организација на Хелсиншкиот комитет на која се обучени вкупно 118 полициски службеници.
10. Во извештајниот период спроведена обука на тема „Мултисекторски обуки од стручни лица од системот за правда за деца„ во соработка и организација на УНИЦЕФ- Меѓународен фонд за деца при Обединетите Нации за итни состојби на која се обучени вкупно 40 полициски службеници од кои 17 се жени.
11. Во извештајниот период спроведена обука на тема „Идентификација на деца жртви на сексуална експлоатација„ во соработка о организација на ЦЕПОЛ.
12. Во извештајниот период спроведен курс на тема „Онлајн истрага за сексуална експлоатација на деца„ во соработка и организација на ЦЕПОЛ.
13. Во извештајниот период спроведена работилница на тема „Работилница за практична примена на знаење и вештини од областа на правда за деца-алтернативни мерки за деца, разбирање и работа со деца во судир со законот и различни модели на ресторативна правда„ во соработка и организација на УНОДЦ.

Специфична стратешка цел 4.3: Зголемена транспарентност во насока на превенција на родово базирано и семејно насилство:

- Релаизирана превентивно едукативна кампања „Заштита, поддршка и помош на жртви на семејно и родово базирано насилство„. На кампањата од страна на полицијата се делени флаери како едукативен материјал и истовремено вршено е едуцирање на граѓаните со цел заштита и помош на жртви на семејно и родово базирано насилство. Оваа активност е и медиумски покриена.

-Во соработка со Холандскиот центар за меѓународна правна соработка CILC-Center for International Legal Cooperation и невладината организација Pleiades во Скопје, спроведена е обука „Улогата на жената во областа на спречување на насилниот екстремизам и борбата против тероризам„. На оваа обука освен предизвиците и постапките во делот на превенцијата, опфатени се и соодветните мерки за помош и заштита на жените жртви на родово базирано насилство.

- Во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје изработен Банер за Интервенција на полицијата во случаи на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство. На банерот нагледно шематски се опишани чекорите т.е активностите кои се превземаат од страна на полицијата при пријава на случај на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство и истиот е видно истакнат во секоја полициска станица во Република Северна Македонија. Во продолжение е прикачена слика од приказот на банерот:




## Министерство за труд и социјална политика-МТСП

Во период 21-23 јуни 2022 година, во соработка со УНДОК спроведена е обука за зајакнување на капацитетите на лица од институциите кои се вклучени во борба против трговија со луѓе. На обуката учествуваа претставници од МТСП - сектор за еднакви можности - 4 лица, ЈО - 7, судија - 1 и полиција – 6 односно вкупно 18 лица. Втората обука поддржана од УНДОК се одржа во Ноември 2022 година каде што учесници беа од ЦСР, МТСП, Јавни обвинители и судии.

Обука за форензичко интервју 4-7 јули 2022 година каде што учествуваа претставници од МТСП - 4, социјални работници - 5 и полиција - 21 лице. Оваа обука е реализирана во соработка со ИОМ и учесници од ГО Отворена порта, СОС Детско село, За среќно детство и Млади правници.
Со поддршка на Совет на Европа се реализира обука за претставници од СОС детско село, Отворена порта, ЦСР и мобилни тимови. Обуката ја посетија 25 учесници. Обуката се реализираше во периодот 18-19 Октомври 2022 година.
Специјализирана обука за згрижување на деца жртви на трговија со луѓе се одржа на 5 и 6 Декември со поддршка на Совет на Европа, а учествуваат претставници од СОС Детско село, Отворена порта, ЦСР, Мобилни тимови.
Програмата за работа на мобилни тимови продолжи да се спроведува и во 2022 година, а СЕМ координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе ги координира петте мобилните тимови. Во тек е подготовка на годишен извештај за нивното функционирање.

**Министерство за правда-МП**

1.Во однос на стратешка цел 4: Заштита:
-Специфична стратешка цел 1.1: Обезбедување на заштита и надоместок на жртви на кривични дела со насилство, 1.1.1. Усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди за жртвите на кривични дела преку обезбедување на право на материјална и нематеријална штета од државен фонд. Активноста е реализирана и донесен е Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр:247/22).
-Специфична стратешка цел 1.2:
Анализирана и ревидирана правна рамка на одредбите кои го регулираат насилството врз жените, 1.2.1. Анализирана и ревидирана правна рамка на одредбите од Кривичниот Законик и негово доуредување во согласност со меѓународните стандарди и ратификуваните конвенции. Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик е во финална собраниска фаза на донесување.
-1.2.2. Превенција на насилството врз жените преку обезбедување поефикасни правни инструменти. Активноста е реализирана и превземени се следните активности:
-Донесен и објавен на веб страната на Министерството за правда е Годишниот извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2021 година. Во

подготовка е Годишниот извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2022година.
-1.2.3. Градење на капацитети и подигната свест за практична примена на одредбите од Истанбулската Конвенција. Активноста е реализирана: На 1.07.2022година преку Академијата за судии и јавни обвинители е спроведена обука за примена на одредбите од Истанбулската Конвенција;

**II.5. <u>Стратегиска цел 5 Комуникација, образование и обука</u> - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата „Жени, мир и безбедност“**

**Министерство за одбрана-МО**

Од исклучителна важност е обезбедувањето на соодветно образование и обука за родовите прашања, а преку истото да се земе предвид родовата инклузивност, односно мажите треба да бидат подеднакво вклучени колку и жените.

Министерството за одбрана со цел да оставри ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука во насока на имплементација на Агендата за „Жени, мир и безбедност“, ги реализираше следните активности во рамки на:

Специфична стратешка цел 5.1 – Зајакнување на знаење за имплементација на Резолуцијата 1325:

-Припадници/-чки од МО и Армијата земаа учество на курс на тема „Integration of Women and Gender Perspectives into Armed Forces (IWGPAF)“, кој што се одржа во Грузија во март 2022 година.
Целта на курсот беше да даде слика како Канада работи на темата интеграција на жените и родовите перспективи во нејзините вооружени сили. Учесниците се охрабруваа да размислуваат за интеграција на жените и родовите перспективи во вооружените сили во нивната држава и како канадското искуство може да се примени кај нив. На курсот учествуваа претставници од Босна и Херцеговина, Грузија, Северна Македонија и Србија.
-Офицерот за родова еднаквост од Кабинетот на Началникот на Генералштабот со дел од родовите обучувачи преку предавање го запознаа персоналот од Армијата со досегашните постигнати резултати за имплементација на родовата перспектива и потребата за вклучување на родовите аспекти во Армијата, а на

истото присуствуваа 68,2% мажи и 31,8% жени, во текот на месец  октомври и ноември 2022 година.
-Во континуитет се реализираат родови обуки како дел од предупатните обуки за персоналот кој се упатува во меѓународни мировни мисии. Од оваа година, покрај досегашните теми за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 беше вклучена и темата „Заштита од сексуално експлоатација и злоупотреба“ со цел да се прошират знаењата на  лицата кои се упатуваат во мировните мисии.

Специфична стратешка цел 5.2 – Зајакнување на капацитетите–персоналот непосредно вклучен во имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 и вториот НАП за имплементацијата на Резолуцијата 1325 –„Жени, мир и безбедност“:

-Со членови на РГ за КМиЕ се реализираше дводневна обука на тема „Обука за развој на капацитети за мониторинг и евалуација на вториот Национален акциски план (НАП) за спроведување на Резолуцијата на ОН 1325-„Жени мир и безбедност”. Обуката беше во организација на UNDP/SEESAC, а истата беше спроведена од страна на надворешен експерт во мај 2022 година.
Работилницата беше организирана со цел да ја подржи РГ за КМиЕ на вториот Национален акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 – „Жени, мир и безбедност “стратешка рамка (2020-2025) на Република Северна Македонија, да ги подобри капацитетите и компетенциите на членовите на работната група, односно да воспостави рамка за посистематско следење и евалуација на постојниот НАП.
-Во септември 2022 година, во организација на UNDP/SEESAC се организираше еднодневен семинар за родова перспектива за наставниот кадар на Воената академија во Скопје, Северна Македонија. На семинарот учествуваа членови на наставниот кадар кои што се стекнаа со знаење за подобрување на родовата еднаквост во изведувањето на наставата и образованието за питомците на Воена академија.
Целта на овој семинар беше да се постигне заедничко разбирање за важноста од вклучување на родовата перспектива во вое용ото образование меѓу учесниците. Дополнителна цел на овој семинар беше сензибилизирање на наставниот кадар на Воена академија во областа на родовата еднаквост за да се добие зедничко разбирање на сите учесници за важноста од вклучување на родовата перспектива во образованието и обуката во одбраната.

Специфична стратешка цел 5.3 – Инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука за имплементација на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-„Жени, мир и безбедност":

-Во период од 25.05 до 03.06.2022 година во центарот за обука на МО „Д-р Џозев Крузел" во Скопје се реализираше курс „3-та Регионална обука за родови обучувачи", а во организација и поддршка на UNDP/SEESAC и Министерството за одбрана.
Директорка на курсот и воедно лидер на синдикат и предавач беше родова обучувачка од МО, а еден родов обучувач од Армијата беше предавач на курсот и 4 лица (1М и3Ж) од составот на Армијата, беа слушатели на курсот. Со реализација на овој курс МО и Армијата се стекнаа со 4 нови сертифицирани родови обучувачи, односно во месец јуни 2022 година бројката на сертифицирани родови обучувачи изнесуваше вкупно 25.
-Во месец јули 2022 година во Црна Гора се реализираше 6-тиот Регионален состанок на родовите обучувачи од министерствата за одбрана и вооружените сили од земјите на Западен Балкан, на кој што учествуваа претставници/-чки од МО и Армијата. Состанокот беше организиран од страна на UNDP/SEESAC, а со цел да се овозможи размена на информации и прикажување на напредокот во подигнувањето на родовата свест во војската, врз основа на спроведените активности после 5-тиот регионален состанок во 2021 година.
На состанокот преку веќе стекнатите различни искуства и знаења на родовите обучувачи се направи првиот чекор за креирање на on-line курс за родова еднаквост во вооружените сили од Западен Балкан на регионално ниво. Идејата за создавање на on-line курс е со цел да се обезбеди полесен пристап до програмите за обука за подигање на родовата свест за различни групи во МО и Армијата.
-Во рамките на регионалниот проект со UNDP/SEESAC, во Босна и Херцеговина се реализираше третиот состанок на Регионалната работна група за интегрирање на родовата перспектива во военото образование и обука. Целта на овој состанок беше да се усогласи финалниата верзија од Регионалната студија за интеграција на родовата перспектива во военото образование и обука во Министерствата за одбрана и вооружените сили на земјите на Западен Балкан. Воедно, се пристапи кон изработка на листата со препораки и

определување на приоритетите на национално ниво, за интеграција на родовата перспектива во военото образование и обука. Пред овој состанок на регионално ниво, претходеа бројни состаноци на РГ, а со цел комплетирање и ажурирање на Регионалната студија. Дел од Регионалната работна група беа 4 претставнички од МО и Армијата.

-Во организација на Центарот за безбедносна соработка RACVIAC-Загреб, Република Хрватска, а во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM), во септември 2022 година се реализраше двонеделна обука за родови обучувачи преку која 3 претставници од Министерството за одбрана и Армијата се стекнаа со сертификат за родов обучувач.

Воедно, родова обучувачка од МО на Република Северна Македонија беше ангажирана во организација и реализација на обуката во својство на обучувач и лидер на синдикална група.

Како резултат на обуката за родови обучувачи, базенот на родови обучувачи од Министерството и Армијата се зголеми на 28 (дваесет и осум) сертифицирани родови обучувачи од кои 19 (деветнаесет) се жени и 9 (девет) се мажи.

-Во декември 2022 година во Србија се одржа 15-тиот регионален состанок на механизмите за родова еднаквост во министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан, а во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на регионалната соработка за вклучување на родовите аспекти во реформата на безбедносниот сектор во Западен Балкан“ поддржана од Кралството Норвешка и Република Словачка.

На овој состанок беше презентиран напредокот на родовата перспектива во МО и вооружените сили на земјите на Западен Балкан, како и имплементација на препораките дадени во Студијата за положбата на жените во ВС од државите на Западен Балкан. Исто така може да се истакне дека овој состанок се искористи и за промоција на Регионалната студија за интегрирање на родова перспектива во воено образование и обука.

„Регионалната студија за интеграција на родовата перспектива во образованието и обуката во одбранбените системи во земјите од Западен Балкан“[2], дава детален преглед на системите за образование и обука во одбраната во земјите од Западен Балкан, со анализа на степенот на интеграција

[2] https://mod.gov.mk/storage/2023/01/integracija-na-rodova-perspektiva-vo-voenoto-obrazovanie-i-obuka.pdf

на родовата перспектива во процесот на образование во одбранбениот систем. Министерството за одбрана активно учествуваше во подготовка на оваа Регионалната студија со 6 претставнички – членки на регионалната работна група. Истата е достапна електронски на македонски, албански и англиски јазик на веб страницата на МО во поддпрозорецот: „Родова еднаквост“[3].

Специфична стратешка цел 5.4 – Зајакнување на институционална комуникација:

-Во првиот квартал во 2022 година изработен е Првиот Годишен извештај за степенот на реализација на активностите на РГ за КМиЕ, кој што е доставен до Комисијата за еднакви можности при Собранието на Република Северна Македонија и до интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија (ИРКиСГ ЕМЖМ). Исто така изработен е полугодишен извештај, односно брифирање за степенот на реализација на активностите на РГза КМиЕ и доставен до ИРКиСГ ЕМЖМ. Споменатите извештаи се објавен на веб страницата на МО во поддпрозорецот „Родова еднаквост“.

-Членовите на РГ за КМиЕ се во редовна комуникација и координација со претставниците од задолжените институции за имплементација на Вториот НАП.

-Редовно се ажурираат и споделуваат информации на официјалната веб страница на Министерството за одбрана, во засебните поддпрозорци кои што се наведени во овој извештај, се објавуваат содржини од родов аспект во списанието ШТИТ кое што воедно е достапно и во електронска форма како и континуирано споделување на информации на социјалните мрежи на Министерството за одбрана и Армијата.

-На Воената академија, успешно е одбранет дипломски труд по предметот Воена психологија на тема „Жените во Армијата и процесите на нивна реинтеграција како фаза од циклусот на распоредување во мисии“ , што е индикатор за сериозниот пристап во однос на тематиката во воените редови.

-Во соработка со Министерство за труд и социјална политика беа релизирани

[3] https://mod.gov.mk/%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82/

следните активности:

- две претставнички од МО земаа учество на 66-тата седница на Комисијата за статусот на жените на Обединети нации во 2022 година при што се разгледа „Постигнување на родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки во контекст на климатски промени, политики и програми за намалување на ризикот од животна средина и катастрофи“ како приоритетна тема на ОН, а во согласност со својата повеќегодишна програма за работа (2021-2024);
- учество на работилница „Основна обука за род, родова еднаквост и воведување на родова перспектива во јавните политики“, првата обука - мај 2022 година и втората обука - јуни 2022 година.Целта на обуката е поврзана со родово-одговорно буџетирање, каде што во МО ја опфаќа потпрограма 11-стручно оспособување и усовршување во земјата и странство.

-Министерството за одбрана како членка на НАТО Сојузот, активно учествува во изработка на NATO Summury Gender Report кој што е на годишно ниво, а исто така дава свој допринос при изработка и ажурирање на НАТО политиките кои се од доменот на родовата еднаквост и родовата перспектив.

**Финансиски импликации на МО и Армијата за реализација на активностите проектирани во оперативниот план за 2022 година:**

За реализација, спроведување и учество во најголем број од горенаведените активности во стратешките цели (обуки, конференции, семинари, панел дискусии, состаноци и сл.), МО и Армијата немаа финансиски трошок од буџетот на институцијата бидејќи имаше поддршка од надворешни партнери, национални и меѓународни организации.

Во дел од активностите каде што МО беше во улога на ко-организатор, дадена е поддршка со инфраструктурни и човечки капацитети-родови обучувачи од МО и Армијата.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

Специфична стратешка цел 5.1: Запознавање на полициските службеници со Принципите на Резолуцијата 1325 преку процесот на основна и континуирана обука:

-Во наставната програма за основна обука за полицаец континуирано се инкорпорираат теми кои имаат за цел зголемување на стручноста во постапувањето од родово сензитивен аспект. Исто така во дел од наставната програма за основна обука за Полицаец во поглавјето„ Етичко однесување и почитување на човековите права при полициско постапување„ се инкорпорирани теми кои имаат за цел зголемување на стручноста во постапувањето од родово сензитивен аспект. Овие теми во зависност од потребите се адаптираат и за континуирани обуки на вработените во МВР.

-Во извештајниот период направено е ревидирање и дополнување на наставните програми за основна обука за полицаец во вториот модул за обука со содржини од Резолуцијата 1325 од Стратешката цел 1 и Истамбулската конвенција, односно Центарот за обука ја има ревидирано наставната програма и во вториот модул е вметната Задача за учење – 1.2.16. дефинирана како „Превземање на мерки и активности за обезбедување на родово сензитивни услуги„ во која се опфатени повеќе посебни тематски единици. Целта на оваа задача е кандидатите за полицајци со совладување на оваа задача за учење да се стекнат со знаења и вештини по однос на актуелните теми за родова еднаквост и родово вознемирување и воедно да ја познаваат правната рамка, да ги препознаваат облиците на родово заснована дискриминација (вознемирување) и родово базирано насилство, да ги препознаваат факторите на ризик, да ги знаат надлежностите на полицијата при справување со вакви настани и кривични дела (спречување и заштита од секундарна виктимизација) како и да пректикуваат мултисекторска соработка во рамките на овие случаи. Воедно кандидатите се стекнуваат со потребни вештини за препознавање на родово базирано насилство, кои чекори треба да ги превземат за да ја обезбедат соодветно жртвата, какви конкретни мерки можат во моментот да превземат против сторителот и како соодветно да го обезбедат местото на настанот доколку е сторено кривично дело.

-Во извештајниот период Центарот за обука при МВР во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје има спроведено низа работилници како дел од континуираните обуки за вработените од МВР на тема „Зајакнување на капацитетите на кривично-правниот систем за борба против родово-базирано насилство во ЈИЕ„.

Друго:

-Во извештејниот период потпишан е Меморандум за соработка бр.13.3-44135/1 од 20.04.2022 година склучен помеѓу Министерството за внатрешни работи и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари.

Предмет на овој Меморандум е воспоставување на соработка помеѓу двете страни потписнички со цел координација, планирање и реализирање на активности во функција на грижа и унапредување на здравјето на работниците и кандидатите за основна обука за полицаец во МВР, односно можност да се сетекнат со богат опсег на знаења, ставови, вредности и вештини кои ќе им помогнат да се соочат со предизвиците на современото општество како и во изборот и градењето на здрав стил на живот.

Како една од предвидените цели на двете страни потписнички во овој Меморандум е запознавањето со типовите на родово базирано насилство, правата како и соодветна заштита и згрижување на жртвите од сексуално насилство.

-Во извештајниот период изработена е Родова буџетска изјава за 2022 година за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција. Истата е изработена со цел унапредување и вклучување на родовата еднаквост во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција и е објавена на веб сајтот на МВР.

-Во извештајниот период за прв пат од празнувањето "7-ми Мај" денот на полицијата се одбележа со активности во кои доминираа родово сензитивните теми за учеството на жените во МВР и воопшто во полицијата.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Во насока на афирмација на родовите перспективи и залагање за поттикнување на лидерството како стратешка цел на МНР, во рамки на минатогодишниот Преспа Форум Дијалог (јуни 2022 г.) се одржа и Панел-дискусија на тема „Самитот на демократијата: Важноста на жените на одлучувачки позиции". Воведни обраќања имаа ЗМНР Фатмире Исаки, додека како специјални гости се обратија ПРК Вјоса Османи-Садриу и Розмари А. Ди Карло. На панелот учествуваа високи гости од земјата и од странство. Теми на дискусија беа: Улогата на Западниот Балкан во Иницијативата на САД „Унапредување на граѓанското и политичкото лидерство на жените и девојчињата"; Подобрување на правата на жените и родовата еднаквост за подобри општества-постигнување на посеопфатна вклученост со цел подобро владеење; Учеството

на жените во процесот на владеење да стане врвен приоритет на владините агенди и Јакнење на улогата на жените во процесите на градење на доверба, помирување и добрососедски односи во ЗБ.
На линија на заложбите на МНР за зајакнување на улогата на жените во надворешната политика, на 13 и 14 октомври 2022 г., се одржа втората, традиционална меѓународна конференција „Жените во надворешната политика“, организирана од Министерството за надворешни работи, под покровителство на Владата, а чиј домаќин беше заменик министерката за надворешни работи, Фатмире Исаки. На дводневната Конференција учествуваа високи претставници од земјата и од странство[4]. За време на Конференцијата се одржаа квалитетни дискусии и беа разменети мислења околу родово балансираната застапеност, преку споделување на лични искуства, што финално резултираше со важни поенти, пораки и заклучоци за заложбите за родова еднаквост. Домашните и меѓународни панелисти дискутираа за безбедносните кризи, пандемијата, економската криза, сајбер безбедноста, човековите права, како и многу други предизвици кои покажаа дека е неопходно активно вклучување на жените во мултилатерализмот. Акцент беше ставен и на улогата на жените во време на кризи, при што беше истакната неопходноста за учеството на жените во мировните процеси, кое што е од суштинско значење, со цел изнаоѓање на долгорочно и одржливо мировно решение. На Конференцијата посебен панел беше посветен и на улогата на НВО-та, односно потребата за поголема вклученост и активен придонес на невладиниот сектор во креирањето на родово балансирани политики и одлуки. На конференцијата исто така се дискутираше и за амбасадорската перспектива на родовата еднаквост, при што (поголем број амбасадори – учесници) споделија размислувања и лични искуства во врска со суштинскиот придонес на жените во полето на надворешната политика, преговарачките процеси и мировните мисии, а претставија и механизми како добра практика од нивните држави за унапредување на положбата на жените.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Посебно внимание се посветува на градење на капацитети на јавната администрација за должноста за почиотување и примена на принципот на еднаквост и недискриминација.

---

[4] ПВРСМ Ковачевски, ЗПВРСМ Грковска, МНР Османи, МО Петровска, МТСП Тренчевска, ЗМНР на земјите од ЗБ6, ГС на ОБСЕ Шмид, ПГС на НАТО, Браже, СП на ГС на НАТО за Жени, мир и безбедност, Фелин и други високи гости

Имено, во Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџети во периодот септември-декември 2022 година спроведени се 13 обуки за дискриминација и обучени се 201 лице од јавната администрација на централно ниво, општински претставници, како и ромски медијатори. Подготвени се два електронски модули за обука за еднаквост и недискриминација истите се поставени на веб страната на МИОА, во системот за обука на администрацијата.

**Министерство за образование и наука-МОН**

Министерството за образование и наука за исполнување на целите предвидени во Годишниот оперативен план за 2022 година, ја реализираше специфичната стратегиска цел преку активност за унапредување на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на еднакви можности на жените и мажите.
За реализација на оваа специфична стратегиска цел реализирани се следните активности:
-Од страна на Министерот за образование и наука, донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение, а нивната имплементација ќе започне во учебната 2022/23 година.
-Изработени се нови наставни програми за трето одделение, за шесто одделение во јуни ќе се објави јавен оглас за избор на надворешни соработници за изработка на наставните програми за шесто одделение.
-До крајот на календарската 2022 година предвидено е да се изготви анализа на содржините од учебниците за основно образование.
-Нови наставни програми се изготвени согласно Концепцијата за основно образование и Националните стандарди.
-Во моментов во БРО има формирано комисии за давање мислење за нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение по барање од Педагошка служба.
Согласно досега преземените мерки, годишниот оперативен план на МОН е делумно реализиран, но за целосна процена на неговата реализација потребно е да завршат сите активности во текот на календарската, како и учебната година во училиштата со цел да се утврди дали предвидените активности се целосно реализирани, а со тоа и самата цел да биде остварена.

**Министерство за правда-МП**

Во однос на стратешка цел 5: комуникација, образование и обука:

-Специфична стратешка цел 1.1: Подигање на степенот на знаење за имплементација на Резолуцијата 13/25, 1.1.1. Поттикнување и размена на искуства за спроведување на Резолуцијата 13/25 на меѓународно, регионално и национално ниво. Реализирана е следната активност: На 6 април 2022 година се одржа обука за: „Подигнување на свеста за улогата на жените и важноста од имплементација на Резолуцијата 13/25“. Присуствуваа вкупно 16 учесници, од кои 8 судии, 1 јавен обвинител и 7 стручни соработници.

3.Во врска на активностите за унапредување на родовата активност во 2022 година, известувавме за следното:

-Министерството за правда ја донесе Родово буџетската изјава за 2022 година за програмата за бесплатна правна помош што е во делокруг на работа на Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем во Министерството за правда. Програмата е предвидена во Стратешкиот план на Министерството за правда за 2022-2024 година и Годишниот план за работа за 2022година на Министерството за правда;

-Донесен е Оперативен план на Министерството за правда за 2022 година за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска конвенција) за 2018-2023 година и иститот е објавен на веб страната на Министерството за правда и

-Во постапка на донесување е Родово буџетската изјава за 2023 година за програмата за бесплатна правна помош.

**Здружение на единиците на локалната самоуправа-ЗЕЛС**

ЗЕЛС за исполнување на целите предвидени во Годишниот оперативен план за 2022 година, ја реализираше специфичната стратегиска цел за зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи за имплементирање на Резолуцијата на ООН 1325 на ООН.

Во текот на годината имаат спроведено една обука со:

-35 претставници на општините ги зајакнаа своите знаења за надлежностите на локалната самоуправа во домен на превенција на родово-базираното и семејното насилство, воспоставување на социјални услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво, собирање податоци и воспоставување партнерства на локално ниво.

## III. ЗАКЛУЧОК:

До крајот на првиот квартал од 2023 година, сите задолжени инстититуции и ЗЕЛС до РГ за КМиЕ доставија писмен Втор годишен извештај за реализација на активностите согласно индивидуалните оперативни планови.
Институциите кои не се споменати во некои од стратешките цели, се подразбира дека немале активности во истите.
Од изнесеното во овој извештај може да се изведе заклучок дека во текот на 2022 година евидентиран е одреден напредок, пред сѐ во смисла на подигање и зајакнување на родовата свест, подлабоко интегрирање на жените во повеќе сегменти во општеството, градење и зацврстување на капацитетите на институциите низ призмата на родовиот аспект, а со кои тесно се поврзани политиките за поголемо вклучување на жените посебно на лидерските и одлучувачките позиции, но фактичката состојба бара понатамошно и континуирано превземање на конкретни чекори и активности во овој домен.

## IV. ПРЕДИЗВИЦИ:

-РГ за КМиЕ при МО функционира како Тело за координација, мониторинг и евалуација на вториот НАП и воедно како Работна група за имплементација на активностите на вториот НАП за МО, што прилично ја отежнува целокупната работа и функционалноста на членовите, иако членовите се трудат со максимални напори да одговорат на овој дополнителен двоен ангажман покрај редовните работни задачи и обврски;
-Поголема ангажираност на институциите согласно своите надлежности и расположливи капацитети, заради исполнување на дефинираните активности по однос на стратешките цели од вториот НАП и Агендата за „Жени, мир и безбедност“ на национално ниво;
-Неопходност од постојаност, односно работа во континуитет и поголема ажурност и инволвираност на номинираните лица од секоја институција задолжени за координација, мониторинг и евалуација на вториот НАП, како и навремено известување за промена на номинираните лица од институциите;
-Подобрување на меѓуресорска координација за понатамошно заедничко планирање на ресурси и активности која би била во насока на постигнување на резултати согласно стратешките цели од оперативните планови.

## V. ПРЕПОРАКИ:

-Со цел поефикасно постигнување на резултатите од оперативните планови, секоја институција во својот домен да ја почитува предвидената динамика за имплементација на вториот НАП;

-Подобрување на комуникацијата и соработката на номинираните лица од институциите со РГ на КМиЕ, во контекст на одржување на истата;
-Институциите да овозможат континуитет на работата на номинираните лица, но воедно и зајакнување на нивните компетенции во оваа област;
-Во наредните извештаи институциите освен што ќе ги прикажуваат спроведените активности изразувајќи ги преку постигнати резултати, потрено е да се земат предвид индикаторите за мерливост и финансиските импликации (сопствен буџет и/или донации) со цел да се обезбеди подетален годишен извештај, вклучувајќи ги сите елементи во функција на транспарентност и отчетност;
-Креирање на национална база на податоци за експерти од областа за „Жени, мир и безбедност“ - системот за национална безбедност, академската заедница, граѓанско општество и сл., која што би била во функција на олеснување на предметните процесите на национално ниво;
-Отворена поддршка за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 „Жени, мир и безбедност“ од страна на авторитети на секое ниво и широк повик за зголемување на учеството на жените во процесите на донесување на одлуки, не само во безбедносниот сектор туку во сите сегменти во општеството.

Изработиле: координаторка и членови на РГ за КМиЕ

**КООРДИНАТОРКА на РГ за КМиЕ**
полковник Антониела Станковска-Будимир

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на жени и мажи по институции;
Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на жени и мажи на раководни позиции по институции;

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на жени и мажи по институции[5]




[5] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.

Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на жени и мажи на раководни позиции по институции [6]




[6] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал на позици од командир на чета и повисоко) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.